Организацијата на потрошувачите
на Македонија

Република Северна Македонија
Министерство за економија

# СООБРАЗНОСТ И ТРГОВСКИТЕ ГАРАНЦИИ ЗА ПРОИЗВОДИТЕ/СТОКИТЕ ВО НОВИОТ ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ[1]

Одредбите на ЗЗП се применуваат секогаш кога постои потрошувачки однос, однос помеѓу потрошувач и трговец што настанува во промет на стоки и услуги.

ЗЗП дефинира: **„потрошувач“** е секое физичко лице кое набавува стоки или користи услуги за целите што не спаѓаат во рамките на неговата трговска, деловна, занаетчиска или професионална дејност; **„трговец“** е физичко или правно лице кое снабдува стоки или дава услуги, односно истите ги нуди, вклучително и преку други субјекти кои дејствуваат во негово име или за негова сметка, за целите на неговата трговска, деловна, занаетчиска или професионална дејност, без оглед дали е во јавна или во приватна сопственост; **„Потрошувачки договор“** е договорен потрошувачки однос склучен помеѓу потрошувач и трговец;

Сообразноста и трговските гаранции се однесуваат на ситуација кога потрошувачот и трговецот склучуваат договор за продажба.

**„Договор за продажба“** е договор со којшто трговецот му пренесува или се обврзува да му пренесе на потрошувачот право на сопственост на определени стоки, а потрошувачот за ова му плаќа или се обврзува да му плати определена цена, вклучувајќи и договор што се однесува и на стоки и на услуги;

1) Законот за заштита на потрошувачите Службен Весник на Република Северна Македонија бр.236/22 објавен е на 07.11.2022 и стапи во сила 8 дена по објавувањето во понатамошниот текст ЗЗП

- **Да разјасниме кога сум потрошувач?**



Секогаш кога набавувате стоки и користите услуги што не се наменети за трговска, деловна, занаетчиска или професионална дејност! На пример кога лап топот е купен од вашата фирма, и ви е доделен на вас за работа која ја работите во фирмата, иако за он лајн работа можете да го користите и дома и имате во него и приватна емаил адреса, не е производ купен во потрошувачки однос, со потрошувачки договор и не се применуваат правилата на потрошувачкото право. Доколку пак вие сте си купиле лап топ со инсталирани програми за лична употреба и еднаш или неколку пати сте ги искористиле инсталираните нови програми за вашата професионална дејност, тој лап топ, иако има двојна намена се смета дека е купен врз основа на потрошувачки договор и ќе се применуваат правилата на потрошувачкото право, бидејќи претежно го користите надвор од професионалната дејност.

- **На што како потрошувач треба да внимавам кога склучувам потрошувачки договор, особено на што треба да внимавам при договор за продажба?**



Секако дека и при секојдневните продажби од помала вредност во услови на економска криза, како потрошувачи треба да внимаваме на нашата одлука да купиме еден или друг производ во зависност од цената на производот, белезите и квалитетот, влијанието на околината и слично. Овие секојдневни набавки ги реализираме спонтано без многу да вложиме напор при донесување на одлуката: леб, млеко, јогурт, цигари купуваме од трговци или обележани со трговските марки на кои сме се навикнале или сме задоволни. Зголемено внимание се бара од нас како потрошувачи кога купуваме потрајни и поскапи производи. При тоа треба да ги реализираме нашите потрошувачки права и тоа ПРАВОТО НА ИНФОРМИРАНОСТ треба да добиеме точна правовремена информација од трговците најмалку за сите битни белези на производите - стоката која ја купуваме, за потеклото на стоката и за идентитетот на трговецот, дистрибутерот, увозникот и производителот. ПРАВОТО НА ИЗБОР да можеме врз основа на вака добиените информации да ги споредиме производите и да се одлучиме за производ кој нас најмногу ни одговора и да размислиме за нашите вистински потреби, да ги познаваме нашите права кога сме соочени со измамничка или агресивна деловна практика да ги избегнеме нечесните договорни одредби и да донесеме економски оправдана одлука за конкретното купување.

Разгледајте ги понудите на пазарот! Споредете ги декларациите, изјавите за сообразност, трговските гаранции, упатствата за користење пред да се одлучите за избор! ЗЗП предвидува општите податоци за производите и пропратните документи да бидат на македонски и албански јазик. Информациите и правото на избор се гарантирани права на потрошувачот што треба да ве поттикнат да донесете економски исправна одлука.

Кога сме решиле да купиме определен производ на нас како потрошувачи можат да влијаат голем број на фактори! Секако најнапред тоа е нашата потреба да купуваме за да ги задоволиме своите потреби; Потоа тоа се финансиски средства, го купуваме она што можеме да си го дозволиме.

Што треба да направи купувачот-потрошувачот пред да купи или да склучи договор за продажба: да ја разгледа понудата; да ги прочита декларациите на производите (состав, намена и сл. на пример обувки за дожд или за суво) може да користи интернет за да види како се оценети определени производи на различни независни форуми и да води сметка при тоа дали се платени рецензиите и дали е платено одредени производи да се први кога се бара по одреден производ или поврзан клучен збор; да се посоветува со одредени експерти (ако купува поскапи електронски уреди); да спореди цена на определен производ и доколку има делови, кои се менуваат при редовна употреба да ја спореди цената на уредот и овие резервни потрошни делови (на пример филтри за правосмукалка; тонери за печатар; батерии што се полнат или не и сл.); да се информира дали е потребно инсталирање на уредот од стручно лице, да го прочита упатството за употреба; да се информира за влијанието на производот на природата; дали производите се тестирани на животните; да ги каже своите барања во однос на стоката ; да направи спецификација и да го извести за своите потреби и очекувања продавачот; и др.

Купувајте потрошувачки стоки со подолги трговски гаранции за функционирање и трајност на стоките!

Внимавајте за некои трговски гаранции се плаќа и дополнително!

Информирајте се за кои својства на стоката материјални и правни според Законот за заштита на потрошувачите трговецот гарантира! Или што значи сообразност на стоката?

- Како потрошувач ме збунуваат различните карактеристики на производите кои можат да се најдат во промет: ***безбеден производ; неисправен производ; опасен производ; производ со недостаток производ на кој му истекува рокот на употреба; сообразен производ; производ на кој трајноста и функционирањето му се гарантира со трговска гаранција?*** Дали ми се потребни дополнителни знаења и внимание?
  - Производите кои се пуштаат во промет треба да бидат безбедни! Безбедноста на производите се уредува со посебни правни прописи кои не дозволуваат на пазарот да има не безбедни производи! Постојат меѓународни системи кои не известуваат во случај на пазарот да има не безбеден производ. На веб страната на Државниот пазарен инспекторат на веб страната Агенцијата за храна и ветеринарство можете да најдете податоци за повлечени и небезбедни производи!
  - За опасните производи и штетата која можат да ја предизвикаат одговара имателот!
  - Доколку производот има грешка или недостаток продавачот треба да го извести купувачот и да му ги посочи грешките и недостатоците!
  - За неисправните производи и за штетата од ваквите производи без оглед на вината, одговара производителот и ова е уредено во членовите 40-48 од новиот Законот за заштита на потрошувачите!
- Зошто новите правила за сообразност (законско гарантирање) на својствата и траењето на производите се добри и за потрошувачите и за трговците?
  - Потрошувачите имаат поголема сигурност кога знаат однапред дека имаат законска гаранција од две години за трајните производи!

- За трговците во услови кога сите трговци мораат да гарантираат за трајноста и функционирањето на производите две години ова е битно бидејќи се создаваат услови за фер конкуренција
- Трговците кои сметаат дека имаат добри производи можат да дадат и подолги трговски (комерцијални) гаранции со што можат да привлечат поголем број потрошувачи, но воедно и имаат поголеми обврски што повторно е согласно со правилата на конкуренцијата.

- Во ЗЗП во делот за договорот за продажба уредена е сообразноста и трговската (комерцијална) гаранција! Кои права јас како потрошувач ги имам врз основа на законската гаранција или сообразноста?

Многу потрошувачи и трговци се уште не ги разликуваат сообразноста и гаранцијата за исправно функционирање и трговската (комерцијалната гаранција), затоа што и во самата Директива според која се имплементирани решенијата во домашното право се користат изразите ***„legal guarantee of conformity“*** и ***“commercial guarantee”***.

Во новиот Закон за заштита на потрошувачите (во понатамошниот текст ЗЗП) сообразноста е уредена во третото Поглавје - Посебни одредби за договорот за продажба во Одделот Сообразност, во членовите 97-109! Сообразноста е законска обврска за точноста на тврдењата на продавачот или субјективните и објективните очекувања на купувачот за материјалните и правните својства на предметот за продажба, кај договорот за продажба! Меѓутоа доколку продавачот ви каже „Задржете ја сметката имате две годишна гаранција“ - не постапува правилно. Забрането им е на трговците при склучувањето на договорите за продажба, како и при огласувањето на потрошувачките стоки да ги користат изразите „трговска гаранција“, „гарантен лист“ или други слични изрази со исто значење, доколку врз основа на договорот за продажба потрошувачот не се стекнува со права поголеми или дополнителни во однос на оние што произлегуваат од одговорноста на трговецот за несообразноста на стоката, или од другите права што потрошувачот ги има согласно со овој закон или друг пропис, не треба да ве збунува дека станува збор за нешто повеќе освен за негова законска обврска да одговара за субјективните и објективните својства на потрошувачката стока (член 117 од ЗЗП). Законодавецот понатаму објаснил што значи да одговара за субјективната сообразност на потрошувачките стоки а тоа е: да се со опис, квантитет, квалитетот, поседуваат функционалност компатибилност, интероперабилност и други карактеристики, како што се предвидени со договорот; се погодни за посебната намена за којашто потрошувачот ги набавува, за што трговецот знаел во моментот на склучување на договорот и истото го прифатил; се испорачани со сите додатоци, упатства, вклучително и за инсталација и корисничка поддршка, како што е предвидено со договорот и се ажурираат и дополнуваат како што е предвидено со договорот. Да се смета дека потрошувачките стоки се сообразни покрај овие субјективни елементи треба да се исполнат и определени објективни барања и тоа: каде што е применливо, да се погодни за намената за којашто стоките од истиот вид вообичаено се користат, согласно со прописите на Република Северна Македонија и на Европската Унија, техничките стандарди или во отсуство на такви технички стандарди, кодексите на однесување во соодветниот сектор; каде што е применливо, да го имаат квалитетот и да одговараат на описот на примерокот или моделот што трговецот му го ставил на располагање на потрошувачот пред склучување на договорот; каде што е применливо, да се доставаат заедно со додатоци, вклучително и пакување, упатства за инсталација или други упатства, како што потрошувачот може ра-

зумно да очекува да добие и да бидат со количина и да го покажуваат квалитетот и другите карактеристики, вклучително и во однос на трајноста, функционалноста компатибилноста и безбедноста што се вообичаени за стоките од ист вид и коишто потрошувачот може разумно да ги очекува, со оглед на природата на стоките и имајќи ги предвид кои било јавни изјави за посебните својства на стоките дадени од страна на трговецот или во негово име или од други лица во претходни фази на ист ланец на договори, вклучувајќи го и производителот, особено при огласувањето или при означувањето. Во случаите на продажба на стока со дигитални елементи, продавачот е обврзан да го информира потрошувачот за ажурирања и да го снабди со ажурирања, вклучително и безбедносни ажурирања, кои што се потребни таа стока да ја задржи сообразноста, за временскиот период: кога потрошувачот може разумно да очекува со оглед на видот и намената на стоката и дигиталните елементи и земајќи ги предвид околностите и природата на договорот, каде што договорот за продажба предвидува еднократно снабдување со дигитална содржина или дигитална услуга или како што е определено во овој закон и доколку е применливо, кога договорот за продажба предвидува континуирано снабдување со дигитална содржина или дигитална услуга за одреден временски период. Како несообразност ќе се смета и која било несообразност што е последица на неправилното монтирање на потрошувачките стоки, доколку монтирањето е дел од договорот за продажба на стоките и ако стоките се монтирани од страна на трговецот или под негов надзор, како и кога стоките ги монтирал самиот потрошувач, а неправилното монтирање е последица на недостатоците во упатствата за монтирање дадени од страна на трговецот. Нема да се смета дека потрошувачките стоки не се во сообразност со договорот, ако во времето на склучувањето на договорот, потрошувачот бил посебно информиран дека одредени карактеристики на стоката отстапуваат од објективните барања за сообразност и потрошувачот изрично се согласил со тоа отстапување при склучување на договорот.

- ***„Сообразноста“*** не треба да се меша со ***гаранцијата за исправно функционирање на продадениот предмет*** уредена со Законот за облигационите односи во член 489-495 како и со така наречена ***трговска (комерцијална) гаранција за стоките*** уредена во ЗЗП во членовите 110-118.
- Кога продавачот му предал на купувачот ***гарантен лист со кој производителот го гарантира исправното функционирање на предметот*** во текот на определено време, сметајќи од неговото предавање на купувачот, купувачот може, ако предметот не функционира исправно, да бара како од продавачот така и од производителот да го поправи предметот гаранцијата. Законот за облигационите односи потоа ги уредува правата на купувачот и обврските на продавачот врз основа на гарантниот лист. Овој термин „гаранција“, често се меша со „ сообразност“. „Сообразноста“ е различен поим од гаранцијата и не е поврзан со правата од гарантниот лист, туку со правата што секој потрошувач ги стекнува врз основа на закон.
- ***Со трговската (комерцијалната гаранција)*** пак се гарантира за исправно функционирање на стоката или за трајноста на стоката согласно ЗЗП подолго од две години. Кога трговецот му дал на потрошувачот трговска гаранција со гарантен лист во кој што е содржана обврската на трговецот или на производителот да гарантира за исправното функционирање на потрошувачките стоки во текот на определено време, сметајќи од нивното предавање

на потрошувачот, трговецот и производителот се обврзани со одредбите и условите предвидени во гарантниот лист и во поврзаното огласување на потрошувачките стоки достапно пред или во моментот на склучување на договорот. Проблем е што сега постојат разлики во однос на она што со гаранцијата за исправното функционирање за предметот на продажба е уредено со Законот за облигационите односи од она што од трговската гаранција произлегува како право за потрошувачите. Кога производителот му дал на потрошувачот трговска гаранција со гарантен лист во којшто е содржана обврската производителот да гарантира за трајноста на потрошувачките стоки во текот на определено време согласно ЗЗП секогаш подолго од две години, сметајќи од нивното предавање на потрошувачот, производителот е обврзан кон потрошувачот во поглед на поправка или замена на потрошувачката стока согласно со одредбите од овој закон и условите предвидени во гарантниот лист и во поврзаното огласување на потрошувачките стоки достапно пред или во моментот на склучување на договорот.

- ***За сообразност не ви е потребен гарантен лист!*** Не станува збор за гарантирање на техничките својства и гарантирање на трајноста на потрошувачката стока која доброволно се дава од страна на трговците.
- ***Стоката која ви е продадена може да е сосема исправна, функционална, но таа да не е сообразна!*** Така на пример новиот тросед што сте го купиле може да биде исправен и функционален, но да не е од природна кожа каков што вие сте уплатиле, туку од вештачка кожа! Обувките за кои пишува дека се наменети за дожд и снег, може да се исправни, цврсто направени, да можат да се носат на суво, но сепак да не се сообразни затоа што пропуштаат вода! Очилата со диоптрија може да се исправни, но вие да сте нарачале очила со +3 диоптрија а да ви продале очила со +2 диоптрија.

- **Кои предмети подлежат на правилата за сообразност?**



Сите предмети кои се предмет на продажба мораат да се субјективно и објективно сообразни. Предметите мораат да ги имаат материјалните својства тие да имаат квалитет, квантитет и комплетност предвидени со договорот за продажба или вообичаени материјални својства и да се во сопственост на продавачот или да не се оптоварени со туѓи права.

Сообрзноста за која продавачот врз основа на закон гарантира цели две години секако се однесува на потрајни производи како што е облека, накит, технички производи, мебел и слично.

Предметите кои се опипливи и подвижни подлежат на правилата за сообразност! Исклучок од ова се предметите кои се продаваат во извршна постапка и оние од втора рака ако поинаку не е уредено со договорот. Исклучок се и водата и гасот што не се пакувани за продажба во точно определен волумен или количество, како и на електричната енергија. Сообразноста се применува и за секој опиплив подвижен предмет во кој што е вграден или со кој е меѓусебно поврзана ди-

гитална содржина или дигитална услуга на таков начин што доколку нема дигитална содржина или дигитална услуга стоката ( робот усисивач, паметен телефон и сл.) нема да ги извршува своите функции, при што исклучок се трајни носачи кои служат исклучиво како носачи на дигитална содржина

- ***Купив одело за скијање кое не сум го облекла година и половина. Сега прв пат го облеков и видов дека не ги има оние својства за кои пишува во декларацијата пропушта вода и ветерот продира низ него како да носам тенка кошула! Дали можам да поднесам рекламација? Колку време трговецот му одговара на потрошувачот за несообразност на стоката?***

Несообразноста требала да постои во време на предавањето на предметот (стоката) на потрошувачот. Или несообразноста да е последица на нешто што се случило кај трговецот, а се пројавила подоцна. Трговецот му одговара на потрошувачот за несообразноста на потрошувачката стока, односно стоката со дигитален елемент, доколку истата се покаже во рок од две години од нејзиното предавање. Можно е со договорот да се предвиди и подолг рок од овој. Рокот од две години е законски рок за одговорност на трговецот за несообразност. Само за половни веќе употребувани стоки може да се договори покус рок за одговорност на трговецот, кој не може да биде покус од една година.

Товарот на докажување дали потрошувачката стока (и дигиталната и половната и веќе употребуваната) е сообразна е на товар на трговецот и тоа се додека постои одговорноста за несообразност - најчесто 2 години или повеќе, а за половните и употребувани стоки најмалку 1 година.

Потрошувачот треба според ЗЗП да му се обрати на трговецот или на лице именувано од трговецот за вакви ситуации во рок од 60 дена од денот кога го забележал недостатокот или несообразноста. Овој рок и течењето на рокот ќе биде многу тешко да се докаже!

Исто така, треба да се нагласи дека кога постојат скриени недостатоци или несообразност нема никакво влијание на остварување на правата за несообразност фактот дали купувачот/потрошувачот ја прегледал стоката, ниту пак ова право треба да се условува со преглед на стоката од страна на трето лице.

Во докажувањето дали потрошувачката стока е сообразна најчесто трговецот ќе треба да користи и вешто лице. Исто така и потрошувачот може да користи вешто лице за да докаже дека стоката е несообразна.

Во нашиот ЗЗП не постојат одредби како пазарниот инспекторат што врши надзор може да оцени дали стоката е сообразна или несообразна? Според тоа што нашиот законодавец предвидел докажувањето да биде на товар на трговецот тој ќе треба да обезбеди вешто лице за да докаже дека потрошувачката стока е сообразна.

- ***Купив машина за перење на која стоеше ознака и за која пишуваше дека е енергетски ефикасна и дека троши помалце вода од вообичаено! Јас се определив за овој производ поради мојата желба да придонесам макар и многу малку за одржливиот развој и зелената транзиција! Меѓутоа востановив дека троши повеќе вода и струја од стариот модел што го имав! Кои се моите права? Штеповите на каучот прснаа една недела по донесувањето во мојот дом што треба да направам? Чадорот купен многу скапо со модерен механизам за отварање пропушта дожд! Што да сторам? Новата фудбалска кожна топка на мојот син***

*прсна при првиот удар со нога? Кои се моите права како потрошувач? Велосипедот нарачан за ридско планинско возење е всушност обичен велосипед со обични гуми и една брзина? Што да направам? На кого во сите овие случаи треба да му се обратам?*

Најдобро е да се обратиме со рекламација кај трговецот кој што ни ја продал стоката. Доколку тој не постои или е во стечај на дистрибутерот, увозникот или производителот. Најдобро е како доказ кога сме го купиле да имаме фисклана сметка, сметкопотврда или фактура. Треба да ја имаме и декларацијата или изјавата за сообразност.

Во новиот ЗЗП не е изречно предвидено дека ви треба фискална сметка кога правите рекламација или кога поднесувате како потрошувач приговор до трговецот за несообразност на потрошувачката стока! Меѓутоа сметката ќе помогне за да се докаже кога и каде ви е продадена определена стока и од кога тече рокот од две години од предавањето на стоката! Декларациите, упатствата, спецификациите, изјавите за сообразност и слично можат да помогнат во докажување на несообразноста.

Кога потрошувачката стока е несообразна треба да му се обратите на трговецот кој ви ја продал потрошувачката стока! Во приговорот треба јасно да укажете кои се недостатоците на стоката или што потрошувачката стока која ви е продадена ја прави несообразна.

- *Се пожалив кај трговецот дека зимските чевли кои ги купив пропуштаат вода? Се докажа дека се несообразни бидејќи еден шев бил неправилно сошиен во фабриката каде што се произведуваат, дека материјалот е водоотпорен, но дека поради овој недостаток едната чевла пропуштила вода! Кои се моите права? Што можам да барам од трговецот во случај на несообразност?*

Потрошувачот кога стоката е несообразна алтернативно може да бара:

- *бесплатна поправка на стоката;*
- *замена на стоката;*
- *намалување на цената и*
- *раскин на договорот*
- *а кумулативно доколку претрпел штета поради несообразноста може да бара и надомест на штета.*

Значи ако побарате бесплатна поправка не може да барата и замена на стоката или враќање на пари! Или ако сте побарале намалување на цената не можете да барате и раскин на договорот. На ако во сите овие случаи докажете дека сте претрпеле штета можете покрај опцијата што сте ја избрале и да барате надомест на штета.

Законодавецот бесплатната поправка или замена на стоката ги ставил на иста линија без попрецизно да определи дали најнапред потрошувачот може да бара само бесплатна поправка па ако таа не се направи во рок од 30 дена да бара замена на стоката. Меѓутоа изречно определил кога ќе се смета барањето на потрошувачот за поправка или замена на потрошувачката стока за несоодветно: тоа е несоодветно ако за трговецот повлекува трошоци што се неразумни во однос на другите евентуални барања на потрошувачот; а имајќи ги предвид вредноста на стоката доколку не постоела несообразноста; значењето на несообразноста за потрошувачот; како и тоа

дали другото евентуално барање на потрошувачот би можело да биде исполнето без значителни непријатности за потрошувачот.

Сите овие услови се тешки за утврдување: како на пример кои трошоци ќе се сметаат како „неразумни трошоци" за трговецот во однос на другите барања на потрошувачот(намалување на цената или раскин на договорот) и секако кои ќе го цени ова? При што на оваа одлука за тоа дали трошоците се неразумни треба да имаат влијание вредноста на стоката без несообразност или дека другите барања на потрошувачот би можеле да се исполнат „без значителни непријатност" за потрошувачот (што повторно е каучук норма и би било различно од случај до случај што се тоа значителни непријатности за потрошувачот). Законодавецот оставил исто така да се одлучува помеѓу потрошувачот и трговецот дали ќе се оди прво на поправка или може веднаш потрошувачот да очекува и замена на несообразната потрошувачка стока. Трговецот или лицето овластено од него се должни поправката или замената на потрошувачките стоки, соодветно, да ја извршат во разумен рок од моментот кога потрошувачот го информирал трговецот за несообразноста што не може да биде подолг од 30 дена од кога стоката е преземена и без значителни непријатности за потрошувачот, имајќи ги предвид природата на стоката и намената за која што потрошувачот ја набавил, како и природата, тежината на несообразноста и сложеноста на отстранувањето на несообразноста. Потрошувачот кој барал поправка на потрошувачката стока, во секој случај, е овластен да бара нејзина замена ако трговецот или лицето определено од негова страна не ја извршиле ***бараната поправка во разумен рок што не може да биде подолг од 30 дена од кога стоката е преземена.*** Под поправка се подразбира доведување на потрошувачката стока во сообразност со договорот. ***Кога несообразноста треба да се отстрани со поправка или замена потрошувачот е обврзан стоката да му ја стави на располагање на трговецот, а трговецот е обврзан да ја преземе и да ги поднесе трошоците на преземање.*** Ако е потребно да се поправи или замени стока која е инсталирана или монтирана на начин соодветен со нејзината природа или намена пред појавата на несообразноста, обврската за отстранување на несообразноста ја вклучува обврската за отстранување на стоката и инсталација, односно монтажа на поправена или заменета стока или обврска да се поднесат трошоците на тоа отстранување и инсталација, односно монтажа. Во случај на замена на стоката потрошувачот не е должен да плати за вообичаената употреба на заменетата стока пред нејзината замена.

Законодавецот определил ***кога потрошувачот може да бара сразмерно намалување на цената на несообразната потрошувачка стока.*** Тогаш кога:

- трговецот или лицето овластено од него не извршиле поправка или замена на стоката, соодветно, во разумен рок што не може да биде подолг од 30 дена од кога стоката е преземена;
- трговецот или лицето овластено од него не извршиле поправка или замена на стоката, соодветно, без значителни непријатности за потрошувачот;
- кога несообразноста се појавува и покрај обидот на трговецот или лицето овластено од него, соодветно, да ја отстрани несообразноста на стоката;
- кога несообразноста е од толку сериозна природа што може да оправда намалување на цената

- или трговецот или лицето овластено од него изјавил или е јасно од околностите, дека нема да ја отстрани несообразноста на стоката во разумен рок или без значителни непријатности за потрошувачот.

***Сразмерното намалување на цената се врши според сразмерот помеѓу вредноста на сообразната стока и вредноста на несообразната стока во времето на склучувањето на договорот.***

***Четвртата опција која му стои на потрошувачот*** во случај кога потрошувачката стока која му е продадена врз основа на договор за продажба е несообразна ***е раскин на договорот.***

Потрошувачот ***има право да го раскине договорот,*** доколку:

- трговецот или лицето овластено од него ***не извршиле поправка или замена*** на стоката, соодветно, ***во разумен рок што не може да биде подолг од 30 дена*** од кога стоката е преземена;
- трговецот или лицето овластено од него не извршиле поправка или замена на стоката, соодветно, без значителни непријатности за потрошувачот;
- кога несообразноста се појавува и покрај обидот на трговецот или лицето овластено од него соодветно да ја отстрани несообразноста на стоката;
- кога несообразноста е од толку сериозна природа што може да оправда раскинување на договорот или трговецот или лицето овластено од него изјавил или е јасно од околностите, дека нема да ја отстрани несообразноста на стоката во разумен рок или без значителни непријатности за потрошувачот.
- потрошувачот има право да го раскине договорот и доколку трговецот не извршил или исплатил соодветно ***намалување на цената во разумен рок што не може да биде подолг од осум дена*** од кога го примил барањето на потрошувачот за сразмерно намалување на цената.

Кога ***несообразноста се однесува само на дел од стоките*** што му биле предадени на потрошувачот согласно со договорот и се исполнети условите за раскинување на договорот согласно со овој закон, потрошувачот може да го раскине договорот само за делот што има недостатоци. По исклучок потрошувачот може да го раскине договорот и во поглед на која било стока што ја примил заедно со несообразната стока доколку не може од потрошувачот разумно да се очекува да прифати да ги задржи само сообразните стоки.

***Во секој случај, потрошувачот нема право да го раскине договорот доколку несообразноста на потрошувачките стоки е од помало значење, при што не се засегаат неговите други права согласно со ЗЗП.***

- ***Што треба да направи потрошувачот за да го раскине договорот***

Потрошувачот ***го раскинува договорот со изјава до трговецот*** со која ќе ја изрази одлуката за раскинување на договорот. Ако потрошувачот го раскине договорот е должен ***да ја врати стоката на трговецот на трошок на трговецот,*** а ***трговецот има обврска на потрошувачот да му ја врати цената платена за стоката по приемот на стоката*** или по приемот на доказ од страна на потрошувачот дека стоката е испратена на трговецот. Во поглед на другите права и обврски кои произлегуваат од дејството на раскинувањето на договорот соодветно се примену-

ваат одредбите на Законот за облигационите односи за раскинување на договорите поради неисполнување.

Законодавецот во ЗЗП се повикал на битна повреда, согласно со одредбите на Законот за облигационите односи за раскинување на договорите поради неисполнување и за раскинување поради материјални недостатоци на исполнувањето. Меѓутоа во овој Закон, не е уреден институтот битна повреда и како битна се смета само повредата која се однесува на исполнување на обврската во определен рок со договорот доколку не се испочитува рокот за исполнување.

Се чини дека ќе треба да се направи доуредување на материјата за „сообразност" и нејзино усогласување со уредувањето на договорот за продажба во Законот за облигационите односи. Исто така, ќе треба преку допрецизирање на правните норми да се уредат некои прашања кои доведуваат до дилеми во спроведување на ЗЗП во практиката.

Во овој натпис имавме за цел да им кажеме на потрошувачите нешто повеќе за "сообразноста" која трае две години и за време на која трговецот е должен да обезбеди остварување на субјективните и објективните очекувања на потрошувачот во однос на определената потрошувачка стока и да ја разграничиме „сообразноста" од трговските гаранциите за исправно функционирање и за трајноста на стоката кои ги даваат трговците и производителите кои се со подолг рок и кои содржат гаранции дадени во преддоговорните информации и содржани во гарантниот лист.



За повеќе совети за Вашите права како потрошувач, можете да се обратите до Организацијата на потрошувачите на Македонија.

Контакт: тел. 02/3 179 592, по пат на електронска пошта на: sovetuvanja@opm.org.mk или преку веб-страницата: www.opm.org.mk